# И З В Е Ш Т А Ј

**за реализирани активности по Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година**

Во изминатата 2023 година, за првпат спортот како општествена/социјална категорија беше третиран како значаен сегмент за потребите на локалните граѓани, особено за младите и постоечките локални спортски клубови. Спортските клубови добија сериозен третман и општината преку својата програма овозможи инјектирање на финансиски средства директно во буџетот на спортските клубови, по основ на повик за распределба на буџетски средства за програмски активности на локалните спортски клубови. Ова даде сериозен резултат во понатамошно подобрување и унапредување на условите за развој на спорт и развој на локални спортски таленти. Се инвестираше во стипендирање на млади талентирани спортисти, во развој на спортска инфраструктура и еднакви услови за спорт и рекреација во урабините и руралните средини. Изградено е повеќенаменско игралиште во месноста викана Дубје во с.Мождивњак, изградена е памп-трака за млади велосипедисти, пешачка патека за рекреација во м.в. Бабин Дол, детски игралишта за најмладите на повеќе локации во градот.

Со развојот на спортот и поддршката од општината повторно се создаде можност за локалните жители за следење на натпревари во различни спортови, а нивната потреба од тоа најдобро ја прикажуваат преполнетите сали за време на прволигашките натпревари на кошаркарскиот клуб, клубот во мал фудбал, како и и фудбалските и карате турнирите на кои салата Бранители2001 постојано е претесна да ги прими сите заинтересирани граѓани. Целта на програмата која се однесуваше на афирмација и поддршка на спортот, зголемување на бројот на граѓани, особено млади, кои се занимаваат со спорт беше целосно остварена. Општинските ресурси, надвор од финансиската поддршка секогаш беа достапни за потребите на локалните спортски клубови, било да се однесува за потребите од транспорт, бесплатно користење на спортските објекти за натпревари, дополнителна финансиска и материјална подршка за натпревари од висок и меѓународен ранг, набавка на опрема и дополнителни средства, како и друг вид на потребна подршка на барање од самите потенцијални корисници.

Во однос на активностите предвидени со Програмата на општината за спорт за тековната 2023 година, беа спроведени сите предвидени активности, со што по сите индикатори имаме комплетна исполнетост на предвидената програма со динамика и подршка како што беше дефинирано и во самата програма.

По однос на активноста за доделување на стипендии за талентирани спортисти и спортистки кои се ученици/ученички во основите и средното училиште во општината, на регуларно распишан конкурс, по претходно утврден правилник беа доделени дополнително нови четири стипендии за ученици/ученички од локални училишта кои се спортисти/спортистки во локални спортски клубови. Заедно со останатите 13 корисници на стипендии од претходниот период, имаме вкупно 17 стипендисти во реализиран вкупен износ од 387.000 за тековната година.

По однос на предвидениот пролетен крос натпревар, истиот беше спроведен во соработка со Општинскиот сојуз на училишни спортови и Европската куќа на 9 Мај – Денот

на Европа. Во самата организација се вклучи и Националната агенција за мобилност во образованието, која на свечениот чин учествуваше со свои пакети-награди за победниците во сите категории на натпреварување во пролетниот крос.

Спортскиот живот беше збогатен со организација на традиционален турнир во мал фудбал по повод месец мај, каде пред преполни трибини во салата Бранители 2001 имавме двонеделен спектакл со учество на екипи од Крива Паланка, Куманово, Кратово, Ранковце, Кратово, Скопје, но и од соседна Бугарија. Во поддршка и спонзорство на организацијата учествуваа и неколку познати општествено одговорни компании (Колид ДОО, Делта Бет, Магрони, Орион Комерц..), кои учествуваа и во обезбедувањето на награди за учесниците.

Дополнително, општината преку трансфер на средства во износ од 60.000,00 денари на Здружение на членови на фамилиите на загинати припадници на вооружени сили - Хероси на Македонија, предвидени со Програмата за спорт за 2023 година, учествуваше како покровителот на турнирот во мал фудбал во чест на бранителите на државата во конфликтот од 2001 година.

Во средината на месец август, со поддршка на неколку други правни субјекти (ТАКТ, Колид, Вивакс, ДелтаБет..) – спонзори и донатори, општината со успех го организираше и настанот Фудбал за сите 2023, наменет за најмладите локални граѓани кои во период од 5 дена низ најразличен сплет на забавни и рекретивни игри на фудбалското игралиште имаа можност да се дружат и забавуваат.

Општина Крива Паланка, по основ на рапишан јавен повик за активности од областа на спортот, кои се во интерес на општината, изврши распределба на вкупно на 1.480.000,00 денари на следните спортски клубови, кои уредно се пријавија и имплементираа проекти од областа на спортот и спортски активности од интерес на локалната заедница:

- Кик-бокс Клуб Патриот Спорт во износ од 80.000,00 денари
- Карате Клуб Шампион Крива Паланка во износ од 80.000,00 денари
- Извиднички одред Наум Наумовски Борче Клуб во износ од 30.000,00 денари
- КМФ Осогово 2022 во износ од 350.000,00 денари
- ФК Академија Осогово 2022 во износ од 150.000,00 денари
- Пинг понг клуб 2007 Крива Паланка  во износ од 80.000,00 денари
- Кошаркарски Клуб Крива Паланка во износ од 300.000,00 денари
- Пинг понг клуб Крива Паланка во износ од 80.000,00 денари
- МОТО КЛУБ ОФ РОУД ЕКСТРИМ Крива Паланка во износ од 250.000,00 денари
- Спортско рекреативен клуб МРЕНА во износ од 60.000,00 денари
- Јога студио СОНЦЕ Јога Студио Сонце во износ од 20.000,00 денари

Средствата трансферирани до локалните спортски клубови и здруженија се предвидени со усвоената програма за спорт на Општина Крива Паланка за 2023 година.

Ако се анализира процесот на имплементација, по сите индикатори може да се контатира дека предвидените активности со програмата за спорт за 2023 година комплетно се реализирани, односно дека програма е целосно и успешно исполнета.

**Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот**